# Марија Пандевска: СТРУМИЧКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ОКРУГ (1893 - 1903) книга I, ИНИ, Скопје 2002, 361.




Од неодамна македонската историографија е збогатена со уште еден труд. Станува збор за студијата „Струмичкиот револуционерен округ (1893-1903)“ книга I во издание на Институтот за национална историја.

Наведениов труд го опфаќа периодот од една деценија, од формирањето на Македонската револуционерна организација во 1893 година до Илинденското востание во 1903. Во овој поширок македонски контекст е претставена и активноста на МРО (од 1896 ТМРО-Тајна македонско - одринска револуционерна организација) во Струмичкиот револуционерен округ. Оваа деценија на организирана револуционерна активност во која се случиле повеќе настани коишто ќе оставаат траен белег во македонската историја, македонското ослободително движење ги направило своите први чекори на организиран отпор, со повеќе подеми и падови, влијанија од страна, кои неретко имале големо, можеби и одлучувачко влијание за понатамошните активности на Организацијата, завршува со Илинденското востание, симболот на македонската борба, меѓник во нашето минато, после кое веќе ништо не било исто како пред него.

За сите овие настани одиграни на македонско тло, со посебна фокусираност на Струмичкиот револуционерен округ, говори трудот на д-р Марија Пандевска. Трудот е конципиран со логичен след на темите и настаните. Тој се состои од предговор, вовед, пет глави, заклучок на македонски и англиски јазик, кратенки, библиографија на користени извори и литература, регистар на лични и географски имиња и белешка за авторот.

Во воведот е претставен општ приказ на историјатот на Македонската револуционерна организација од нејзиното формирање во 1893 година до пред Илинден. Во првата глава авторот дава опис на територијалниот опсег на Струмичкиот револуционерен округ. Одлучувачки фактор, кој ја определил улогата на овој револуционерен округ, бил фактот што неговата територија, претставувала крстосница преку која Задграничното претставништво во Софија се поврзувало со централните и источните македонски краишта и ЦК во Солун и обратно. Струмичкиот револуционерен округ се протегал од делот на

територијата на североисточна Македонија во нејзините географско-етнолошки рамки, опфаќајќи ги котлините, Петричка, Струмичка, Радовишка и шумовитите предели на планините Огражден, Беласица, Плачковица и Малешевските Планини. Во оваа глава е претставена и бројноста на населението и неговата верска и етничка структура во Струмичкиот револуционерен округ во наведениов период. Кон крајот на XIX век во округот живееле 126.711 жители со огромно мнозинство на македонско население, наспроти турското малцинство. Авторот нè запознава и со стопанската активност на населението во овој период како и со спецификата на струмичката област каде што освен грчката, бугарската и српската пропаганда, делувале и католичката и протестанската пропаганда. Делувањето на овие пропаганди особено се чувствувало на просветно поле, каде што не штеделе средства за придобивање на што поголем број приврзаници.

Во втората глава се зборува за почетоците на организирањето на Македонската револуционерна организација во Струмичкиот револуционерен округ. Револуционерната раздвиженост на целата територија на Македонија неминовно се одразила и на овој простор, каде што организационата мрежа, веќе во втората година од постоењето на МРО, забрзано започнала да се шири, формирајќи револуционерни комитети во Радовиш и Струмица, а до крајот на есента во 1895 се основале и селски комитети во повеќе села од овој крај. Авторот се осврнува и на четничките акции на М.К. од Софија, од 1895 година и нивниот одраз на територијата на округот, особено на Мелничкото востание за чии епилог се констатира „акцијата не била рожба на месните услови и подготовки, туку една чисто надворешна интервенција. Со тоа таа акција била однапред осудена на пропаст“.

Третата глава е посветена на омасовувањето на ТМОРО во последните години на XIX век, како и улогата на округот во вооружувањето и ширењето на организационата мрежа на ТМОРО. Најчесто од Дупница, набавеното оружје се префрлало илегално на територијата на Македонија, при што главните канали минувале низ Струмичкиот револуционерен округ. Во оваа глава авторот нè запознава и со улогата на корифејот на македонското ослободително движење, Гоце Делчев, во ширењето на организационата мрежа во округот. Со негова непосредна помош во 1897 биле формирани повеќе месни комитети во повеќе патријаршиски села во Струмичко, но во истата година се случила и т.н. Techинска провала, која била прва провала во овој рев. округ. Засилената револуционерна активност допринела и за формирање на првата чета на ТМОРО во округот, при што е проследено нејзиното делување и активност на овој простор. Но ширењето на револуционерната мрежа не останало незабележано од османлиската власт. Авторот нè запознава и со Виничката провала од 1897 година и нејзиното влијание во Струмичкиот револуционерен округ. Од оваа провала настрадале малешевско-пијанечкиот и радовишкиот реон од каде голем број лица биле затворени и измачувани.

Во овој дел на книгата се констатира дека развојот на ТМОРО во Ма-

кедонија преку масовизирање на месните комитети, ја наметнала потребата од трансформација на организацијата и преминување од агитациона форма на дејствување кон нови форми на организираност. Авторот овде нѐ запознава и со состојбите во Струмичко, особено со судирот со Егзархијата и владиката Герасим, кој се заострувал и провлекувал во овој период. Со овој проблем и со неговото разрешување се соочил и Делчев при неговиот престој и обиколка на Струмичкиот револуционерен округ во 1899 и 1900 година.

Во четвртата глава авторот го опишува продорот на врховизмот во округот и мерките што ТМОРО ги преземала во правец на спречување на оваа активност во периодот 1901-1902. Во овој период Солунската провала имала мошне силен одраз врз револуционерната активност. Таа не се задржала само на раковдството на ТМОРО ниту само на Солунскиот округ, „Ветриштата на теророт ги зафатиле и Струмичко и Радовишко, а потоа провалата се проширила и во делови на Петричко“. Оваа провала растроила голем дел од револуционерната мрежа. Во овој период ВМК сè повеќе се инфилтрирал со чети во Македонија, а во исто време била спроведувана и поширока акција на обезоружување на ТМОРО. Планот бил преку врховистичко инфилтрирање, најпрвин во североисточните околии, Горноџумајска, Разлошка и Малешевска, навлегувањето да се прошири, од една страна кон Мелничко во Серскиот револуционерен округ, а од друга подлабоко да се навлезе и во Струмичкиот округ. Во овој дел од книгата се отстапува место и на познатата афера мис Стон. По замањето на откупот последниот дел од маршутата се одвивал во Струмичкиот револуционерен округ. Во исто време и Г.Делчев пристигнал на овој простор, од југ враќајки се од големата обиколка на Македонија. Тука бил информиран од војводата Андон Ќосето за аферата „мис Стон“. Во четвртата глава се дава приказ и на т.н. Горноџумајско востание од 1902 година. При задушувањето на провокацијата која зафатила и делови од Струмичкиот револуционерен округ биле разурнати, опожарени или опљачкани петнаесетина села, а нова бегалска река се упатила кон Бугарија напуштајќи ги своите разурнати домови.

На почетокот од петтата глава авторот дава општ приказ за Солунскиот јануарски конгрес од 1903 година свикан од Иван Гарванов кога е донесена одлуката за кревање на востание, како и за состојбите во округот на почетокот на 1903 година, на навлегувањето на четата на Б.Сарафов во Македонија како и за навлегувањето на други чети на овој простор. Целокупната состојба во Македонија се заострила, особено по Солунските атентати и убиството на Гоце Делчев, турската влада во Македонија ја подигнала борбената готовност на својата армија на повисок степен заради гласовите за општо востание во Македонија. Ваквата состојба предизвикала зголемување на теророт, што се одразило во Струмичкиот округ, каде непосредно пред Илинденското востание во мај 1903 имало жестоки судири во Радовишко.

Последното поглавје од трудот, авторот го посветува на Илинденското востание, за чие времетраење во Струмичкиот рев. округ не дошло до поширока акција на четите, иако

такви се предвидувале, се случиле само помали судрувања на локалните чети со турските потери. Меѓутоа за цело време на востанието во овие предели од страна на властите теророт бил спроведуван континуирано. Суровото задушување на востанието, послужило за критичко преиспитување на организационата поставеност, на стратегијата и целите на движењето.

На крајот авторот ќе заклучи дека „по Илинденското востание Струмичката окружна организација продолжила по патот на идеите на Гоце Делчев сврстувајки се во силите што ќе ја предводат револуционерно-демократската фракција во Македонската револуционерна организација".

На крајот би заклучиле дека авторот тргнувајки од веќе постојните сознанија и оценки, ненаметливо дава свои толкувања и дава свои гледишта базирани врз изворната граѓа и обемната литература. Авторот својата мисла ја пренесува со јасен стил и јазик поткрепена со бројни факти и интересни моменти преку цитирање на современици на настаните од проследениов период, или на видни проучувачи на оваа проблематика. Поради сето ова трудов претставува привлечна материја за читање и проучување, не само за оние кои професионално се занимаваат со истражување на овој дел од македонската историја, туку и за пошироката читателска јавност.

Борче ИЛИЕВСКИ

## Виолета Ачкоска: БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО 1944-1974 ПОМЕЃУ ХАРМОНИЈА И ДИСХАРМОНИЈА, ИНИ, Скопје 2003, 372




Во издание на Институтот за национална историја неодамна од печат излезе монографскиот труд на д-р Виолета Ачкоска, „Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија" којшто е произлезен од научниот проект „Меѓунационал-ните и меѓуетнички односи во Република Македонија 1944-1974 година".

Овој научен труд ги опфаќа првите три децении од развојот на современата македонска држава, време на конституирање на државноста на македонскиот народ, но и време на преиспитувања и внатрешни судири помеѓу „југословенството" и „македонството", време кога Партијата била единствен арбитер на сите случувања во државата. Во овој констекст автор-